РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

# ПРАВИЛНИК
за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на надоместоците на воениот и цивилниот персонал за учество во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Републиката

- Скопје 2018 година -

Врз основа на член 200 став 3 од Закон за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14 и 33/15, 193/15, и 71/16), министерот за одбрана, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на надоместоците на воениот и цивилниот персонал за учество во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Републиката

### Член 1

Во Правилникот за утврдување на надоместоците на воениот и цивилниот персонал за учество во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Републиката, бр. 01-3940/1 од 24.07.2012 година, во член 3 ставот 2 се брише.

### Член 2

По членот 3 се додава нов член 3-а, кој гласи:

„Член 3-а

Учесниците во хуманитарни или мировни операции продолжуваат да ја примаат платата во Република Македонија, утврдена со последното донесено решение за утврдување на платата.

Данокот и придонесите од платата им се пресметуваат и уплатуваат во согласност со закон.“

### Член 3

Во член 6 во ставот 1, 2 и 3 зборот: „платите“, се заменува со зборот: „надоместоците“, а во ставот 7 зборот: „платата“ се заменува со зборот: „надоместокот“.

Во член 6, ставот 8, се менува и гласи:

„Основниот надоместок за учество во хуманитарни или мировни операции се добива со помножување на основицата со коефициентот од членот 7, намален за висината на денарската плата од член 3-а од овој правилник, конвертирана во валутата во која се врши исплатата на основниот надоместок“.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 02-7358/1
14-12-2018 година

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Радмила Шекеринска-Јанковска